Архивски број: 08-568/2
07-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 568/1 од 04.11.2022 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, попреченост и имотен статус во областа на пристапот до добра и услуги против Друштво за угостителство и игри на среќа [redacted] Богородица, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.11.2022 годинi, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08 – 568/1 од 04.11.2022 година, поднесена од [redacted]

**О б р а з л о ж е н и е**

На 04.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 568/1 од страна на [redacted] за заштита од дискриминација врз основа социјално потекло, попреченост и имотен статус во областа на пристапот до добра и услуги против Друштво за угостителство и игри на среќа [redacted] Богородица.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапуваше за истата правна работа, по која донесе мислење со арх. бр. 08 - 304/8 со кое не се утврди дискриминација, од причина што подносителот на претставката не го стори веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација. Бидејќи подносителот на претставката во новодоставената претставка не изнесе нови факти и околности, Комисијата согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на заклучокот да не поведе постапка по претставката:

*„Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот."*

Скопје
07.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]